**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25 – 254/2
26-01-2012 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), член 24 став (4) од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/06,63/07,24/11, 51/11и 148/11) и член 4 од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена сообразност („Службен весник на Република Македонија" бр.157/07) , постапувајќи по барањето на Правното лице „Центар за истражување, развој и континуирано образование "- ЦИРКО Скопје бр.25-254/1 од10.01.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за овластување за вршење на оцена на сообразност**

1. СЕ ОВЛАСТУВА Правното лице „ Центар за истражување, развој и континуирано образование "- ЦИРКО Скопје, за вршење на оцена на сообразност - верификација на единица (Модул „G") на опрема под притисок и верификација на единица (Модул „G") на пренослива опрема под притисок.
2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 24 ставови 1 и 22 од Законот за безбедност на производите.
3. Правното лице доколку изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите од точка 2 на ова решение, должно е да го извести Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

**О б р а з л о ж е н и е**

Правното лице „ Центар за истражување, развој и континуирано образование "- ЦИРКО Скопје, до Министерството за економија поднесе барање Бр. 25-254/1 од 10.01.2012 година, за донесување на Решение за овластување за вршење на оцена на сообразност - верификација на единица (модул „G") на опрема под притисок, согласно Правилникот за опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија" бр.17/07 и 113/11) и вршење на оцена на сообразност - верификација на единица (Модул „G") на пренослива опрема под притисок, согласно Правилникот за пренослива опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија" бр.17/07, 122/09, 99/10 и 113/11). Со барањето доставена е следната документација: Документ за регистрирана дејност од Централниот регистар на Република Македонија, доказ за техничка опременост (Листа на мерни уреди), Полиса за осигурување од професионална одговорност од „Eurolink" осигурување АД Скопје, Извештај за билансот на состојбата бр.09-04-13/4040, докази за вработениот стручен кадар: м-р Владимир Стојмановски, Велков Тони и Зоранчо Илков (дипломирани машински инжинери), Александар Алексиевски, дипл.ел.инж. и Орце Наумовски, машински техничар и копија од Прилог кон Сертификатот за акредитација Бр.ИТ – 027, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија на 28.12.2011година.
Согласно доставената документација се одлучи како во Диспозитивот на Решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**МИНИСТЕР,**
**Valon Saraqini**

**ДОСТАВЕНО ДО :**
**- подносител на барањето**
**- ДИТИ**
**- ДПИ**
**- ИАРМ**
**- архива**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА